Outlook

## Валандово -Барање за информации за родова застапеност во месни и урбани заедници

**From** [redacted]
**Date** Fri 7/17/2026 1:24 PM
**To** administracija@valandovo.gov.mk <administracija@valandovo.gov.mk>
**Cc** shristova@t.mk <shristova@t.mk>; vlatko.lazov@live.com <vlatko.lazov@live.com>

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 17.07.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 938/1 | | |

**До: Општина Валандово**

**Почитувани,**

Организацијата [redacted] во рамки на проектот *„Родово сензитивно новинарство за локален медиумски плурализам (РЕМ)“*, финансиски поддржан од Европската Унија (мај – декември 2026), бара од Вас официјални информации за родовата застапеност во месните и урбаните заедници во општината.

Потребни ни се следниве податоци:

- Вкупен број на месни и урбани заедници
- Родова структура (машки/женски) на претседателите

Целта на истражувањето е да се утврди **учеството на жените во локалната самоуправа и степенот на родова еднаквост во процесите на донесување одлуки.**

**Барањето информација е согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Ве молиме податоците да ги доставите ДО 22.07.2026, доколку е можно во електронска форма.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

[redacted]

Телефон: [redacted]

Е-пошта: [redacted]

Датум: 09.07.2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-938/2
20.07.2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од организацијата [redacted] заведено под број 10-938/1 од 17.07.2026 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од организацијата [redacted] заведено под број 10-938/1 од 17.07.2026 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Ѓоко Камчев
[redacted]

Изработил: Лејла Рајкова [redacted]
Контролирал: Владимир Лазов [redacted]
Одобрил: Соња Христова Јовановиќ [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-938/3
20.07 2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

Организација [redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер пристигнато до Општина Валандово на 17.07.2026 година, Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Вкупен број на формирани месни заедници е 13;
2. Родовата структура на претседателите на формираните месни заедници е 13 лица од машки род;

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов
[redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар“ бр.3, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk